**Известување за концентрација со која АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје (предмет бр. 08-106/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 26.06.2026 година, а дополнето на 02.07.2026 година и на 06.07.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр. 40-8, Скопје ќе стекне контрола над Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Милан Мијалковиќ бр. 54, Скопје,,по пат на купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје** е новоосновано трговско друштво основано со цел спроведување на трансакцијата и истото сè уште не остварува никакви деловни активности ниту приходи по било кој основ.

Основач и единствен содружник на АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДООЕЛ Скопје е АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД, Србија кое работи во областа на медиуми, новинарство и дигитално издаваштво, произведување и дистрибуција на информативни и новинарски содржини за пошироката јавност. АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД е познато на регионалниот пазар како издавач на дневниот весник Alo! и на онлајн информативниот портал Alo.rs, кои покриваат различни теми, тргнувајќи од актуелни настани, политика, бизнис, забава, спорт и животен стил.Основните активности на друштвото вклучуваат креирање содржини, издавање весници, управување со дигитални медиуми и мултимедијална продукција. Преку своите печатени и онлајн канали, АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД подготвува вести, интервјуа, аналитички текстови, репортажи и видео содржини. Покрај новинарството и издаваштвото, АЛО МЕДИА СИСТЕМ ДОО БЕЛГРАД остварува приходи од рекламирање, комерцијални партнерства, спонзорирани содржини и други медиумски услуги.

**Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје** ги остварува своите деловни активности во областа на радиодифузијата и медиумите, обезбедувајќи лиценцирана ФМ радио програма за слушателите на регионално ниво, во градот Скопје и неговата околина. Негова основната дејност е креирање, уредување и емитување на радио содржини, вклучувајќи музичка, забавна, културна и информативна програма. Покрај од радиодифузна и медиумска дејност, истото остварува приходи преку продажба на рекламно време, спонзорства, промотивни кампањи и други медиумски услуги.

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација може да се дефинира пазарота на медиумски услуги, особено емитување радиопрограма и дистрибуција на аудиосодржина на територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.07.2026 година
Скопје